


# УНИВЕРЗАЛНО МАСЛО ЗА ОПЛАТИ

## Концентрат масло за дрвени и метални оплати

**Арт. бр. 0893 109 1**
Содржина: 10 l

- Универзално масло за оплати кое се користи за дрвени и метални оплати со поголеми димензии.
- Разредено со вода, хемиски реагира со бетонот на допир, за да обезбеди брзо и чисто ослободување на бетонот од оплатата.
- Со употребата се намалува можноста за појава на дупки во бетонот.
- Концентратот не е опасен и може да се користи со нормални услови на претпазливост.
- Средството не е канцерогено.

## Однос на разредување

| Вид на оплата | Концентрат | Вода |
|---|---|---|
| Дрвена | 1 l | 20 l |
| Метална | 1 l | 10 l |

**Дрвена оплата**
1 литар концентрат да се раствори во 20 литри вода.
Со растворената количина може да се премачка од 80 до 100 m2 оплата.

**Метална оплата**
1 литар концентрат да се раствори во 10 литри вода.
Со растворената количина може да се премачка од 50 до 60 m2 оплата.

## Посебни напомени

- Пред употреба задолжително да се промеша растворот.
- Водата во која се раствора концентратот не смее да биде премногу ладна.
- Дрвените оплати да се третираат со растворот и да не се дозволи да покиснат или замрзнат се додека растворот не се исуши.
- Растворот да не се нанесува на замрзнати оплати, бидејќи ќе замрзне заради водената основа и нема да ја исполни својата функција!
- Во зимски услови концентратот пред употреба мора да има нај малку +5$^{o}$C, во спротивно потешко се нанесува заради зголемената вискозност.
- Температура на складирање +5$^{o}$C max. +40$^{o}$C.

## Начин на употреба

Универзалниот концентрат се раствора во вода, во однос кој е дефиниран според видот на оплатата која се третира. Концентратот секогаш да се стави во веќе подготвена вода и задолжително да се измеша. Растворениот концентрат може да се употребува 24 часа.
Средството се нанесува со четка или со прскање.
Со примената не се менува бојата ни структурата на бетонот.

Со овие упатства кои се базирани на наши искуства сакаме да Ве советуваме на најдобар начин. Заради разновидни примени и услови на складирање, а кои се вон наше влијание, не можеме во поединечни случаи да превземеме одговорност за резултатите на употреба. Истото важи и за совети при ангажирање на нашата техничка и комерцијална служба, која стои секогаш на располагање. Препорачуваме секогаш сами да направите проба. Гарантираме за непроменет квалитет на нашите производи. Задржуваме право на технички измени и понатамошен развој на производите.